Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-3189/2 од 12.07.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 28-та седница одржана на 12.07.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година, бр.05-5721/1 од 26.12.2017 година, бр.05-495/1 од 24.01.2018 година, бр.05-2485/1 од 17.05.2018 година и бр.05-3036/1 од 28.06.2018 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 115.079.000,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 472.000,00 денари наменети за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на државно ниво.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- Групната ставка **400 Потрошени материјали** се намалува за 183.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 1.583.000,00 денари изнесува 1.400.000,00 денари.

- Позицијата **400300 – Потрошени канцелариски материјали** се намалува за 94.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 368.000,00 денари изнесува 274.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – набавка на канцелариски материјали за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор со понизок износ од планираниот.

- Позицијата **400500 – Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл.** се намалува за 89.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 447.000,00 денари изнесува 358.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – набавка на средства за хигиена за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор со понизок износ од планираниот.

- Групната ставка **402 Инвестиционо одржување на средствата** се намалува за 53.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 10.229.600,00 денари изнесува 10.176.600,00 денари.

- Позицијата **402030 – Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа - хардвер и софтвер** се намалува за 53.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 8.134.600,00 денари изнесува 8.081.600,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – одржување на постојната веб страна на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор со понизок износ од планираниот.

- Групната ставка **<u>418 Останати други расходи</u>** се намалува за 236.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 5.460.000,00 денари изнесува 5.224.000,00 денари.

- Позицијата **418800 – Други расходи** се намалува за 236.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 5.460.000,00 денари изнесува 5.224.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – ревизорски услуги за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор со понизок износ од планираниот.

- Групната ставка **<u>417 Интелектуални и други услуги</u>** се зголемува за 472.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 17.758.000,00 денари изнесува 18.230.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се наменети за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на државно ниво.

- Позицијата **417800 – Други неспомнати услуги – истражување** се зголемува за 472.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 3.776.000,00 денари изнесува 4.248.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат во износ од 472.000,00 денари се наменети за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на државно ниво.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2018 година, со цел да се обезбедат средства наменети за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на државно ниво.

За горенаведената исплата потребно е да се обезбедат средства во вкупен износ од 472.000,00 денари.

За да се обезбедат 472.000,00 денари, потребно е да се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година и тоа: Групната ставка 400 - Потрошени материјали се намалува за 183.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 1.583.000,00 денари изнесува 1.400.000,00 денари. Позицијата 400300 – Потрошени канцелариски материјали се намалува за 94.000,00 денари и наместо

сегашниот износ од 368.000,00 денари изнесува 274.000,00 денари. Позицијата 400500 – Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл. се намалува за 89.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 447.000,00 денари изнесува 358.000,00 денари. Групната ставка 402 - Инвестиционо одржување на средствата се намалува за 53.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 10.229.600,00 денари изнесува 10.176.600,00 денари. Позицијата 402030 – Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа - хардвер и софтвер се намалува за 53.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 8.134.600,00 денари изнесува 8.081.600,00 денари. Групната ставка 418 Останати други расходи се намалува за 236.000,00 денари и истата наместо сегашниот износ од 5.460.000,00 денари изнесува 5.224.000,00 денари. Позицијата 418800 – Други расходи се намалува за 236.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 5.460.000,00 денари изнесува 5.224.000,00 денари. Групната ставка 417 Интелектуални и други услуги се зголемува за 472.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 17.758.000,00 денари изнесува 18.230.000,00 денари. Позицијата 417800 – Други неспомнати услуги – истражување се зголемува за 472.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 3.776.000,00 денари изнесува 4.248.000,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2018 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 115.079.000,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и член 132/17), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-3189/2 од 12.07.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 28-та седница одржана на 12.07.2018 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 05-3240/1**

**12.07. 2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за правни и економско - финансиски работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи;
- Одделение за јавни набавки и општи работи и
- Архивата на Агенцијата.